| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | Марко и неговите пријатели |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за лична хигиена и хигиена на играчките, просторот што не опкружува и површината што ја допираме (сл.1). |
| **Активности** | Активноста започнете ја за играчките кое Вашето дете ги има дома. На одредено растојание наредете ги играчките и дозволете му да си ја одбере омилената играчка (сл.2).(во исто време останатите нека ги именува и опише). Со играчката што ја одбрало детето, предложете му да играте заедничка игра. На пр. „Перална за коли од коцки". (сл.3).<br>Преку разговор објаснете ја важноста за одржување на хигиената во автомобилот како и нејзиното влијание врз нашето здравје.<br>Во текот на играта разговарајте за начинот на играње и чување на играчките, нивна хигиена, одржување, неоштетување и правилна употреба. Важноста на хигиената врз нашето здравје по играта објаснете ја со поделба на користените играчки, дека по нивна употреба истите треба да се дезинфицираат, измијат и уредно да се стават на своето место. Овие игри и активности преку примери можете да ги најдете во детски книги со чие читање повторно ќе влијаете врз учењето на децата.<br>Како предлог можете да го искористите текстот "Марко и неговите пријатели" по текст на Гордана Мишевска а илустрации на Александар Сотировски (сл.4), (сл.5), (сл.6), (сл.7), (сл.8), (сл.9), (сл.10), (сл.11), (сл.12), (сл.13), (сл.14), (сл.15), (сл.16), (сл.17), (сл.18).<br>По завршување со читање на текстот поразговарајте за истиот преку кратки прашања. Потоа заедно со детето појдете до неговото катче со играчки и нека Ви објасни во каква состојба се (чисти/валкани, наместени/растурени, оштетени/здрави).<br>Активноста нека заврши со цртање на тема „Како изгледа моето катче кога се наместени играчките" (на една половина на лист од блок) и како истото изгледа кога е растурено (на другата половина на листот од блокот). |